**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 декември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,11 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници.

Ја отворам Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски, претседателот на Владата на Република Македонија господин Никола Груевски, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, Народниот правобранител, замениците претседатели на Владата на Република Македонија, министрите во Владата на Република Македонија, Гувернерот на Народната банка на Република Македонија, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, поглаварот на Македонската Православна Црква, реис улема на Исламската верска заедница во Република Македонија, Скопскиот бискуп и апостолски егзарх на Католичката црква во Република Македонија, проповедникот на Евангелско методистичката црква во Република Македонија, претседателот на Еврејската заедница во Република Македонија, Државниот правобранител на Република Македонија, претседателот на Државната изборна комисија, шефовите на странските дипломатско - конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми во мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Оваа седница ја свикав по барање на Претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски.

Го молам Претседателот на Република Македонија, господинот Бранко Црвенковски да му се обрати на Собранието.

**Бранко Црвенковски:** Почитуван Претседателе,

Почитувани пратеници, почитуван премиере, членови на Владата, ваши екселенции, дами и господа.

Во ова годишно обраќање пред вас, ќе се обидам да ги дадам моите оценки за изминатава 2007-ма година, како и да ги посочам приоритетите за нашето дејствување во наредниот период, задржувајќи се пред се на следниве прашања:

- Процесот на нашето евро и евро-атлантско интегрирање;
- Дефинирањето на идниот статус на Косово;
- Безбедносната состојба во и околу Република Македонија;
- Прашањето за разликите со Република Грција околу употребата на нашето уставно име.

Почитувани пратеници,

Сметам дека нема потреба од дополнителни објаснувања за важноста на нашите стратешки определби за членство во Европската унија и НАТО.

Тоа се определби за кои Република Македонија нема алтернатива. Тоа е и причината зошто околу овие прашања постои целосен политички, етнички и општествен консензус.

2007-ма година ја пречекавме со едно заедничко уверување - дека тоа ќе биде клучната година во процесот на нашето интегрирање во Европската унија и НАТО алијансата. Беа дефинирани и јавно објавени целите - оваа година да го одработиме и добиеме датумот за почеток на пристапните преговори со Европската унија и да ги исполниме сите критериуми и стандарди кои ќе ни овозможат добивање на покана за влез во Алијансата.

Денес, пред самиот крај на годината, мора да констатираме - зацртаните цели не се остварени. На планот на клучните стратешки определби - евро и евро-атлантските интеграции, 2007-ма беше неуспешна година.

Она што мене посебно ме загрижува е што причините за ваквите состојби и од страна на Брисел и од страна на земјите членки се посочуваат во сферата каде што со години наназад бевме најсилни и врз основа на што се темелеше позитивната слика за Македонија. А тоа се таканаречените “политички критериуми”.

Да се потсетиме. По конфликтот во 2001-та и постигнувањето на охридскиот Рамковен договор и тука во земјата, но што е исто толку важно и кај меѓународната заедница, постоеше голем скептицизам дали на овие нови основи може да се гради трајна стабилност и одржлив развој на македонското општество.

Процесот на помирување и враќање на меѓусебната доверба не беше ни малку лесен. Спроведувањето на Охридскиот договор криеше многу предвидливи но и неочекувани ризици и тешкотии.

Сепак, благодарение на упорноста и посветеноста, за само четири години, со конкретни резултати и видлив напредок ги демантиравме сите лоши предвидувања.

За само четири години од земја во чија иднина не се верува станавме земја на која и беше доделен статусот кандидат за членство во Европската унија и земја која влезе во групата на најсериозни кандидати за следниот круг на проширувањето на НАТО алијансата.

Притоа, клучни беа оценките за високото ниво на исполнување токму на политичките критериуми. Македонија беше посочувана како успешен пример на “функционална мултиетничка демократија”, “промотор на добра регионална соработка”, “земја на толеранција и меѓуетничка

доверба”. Нашите искуства почнаа да се применуваат и на други места.

Ако внимателно го прочитате планот на Ахтисари можете да забележите голем број на предлози и решенија кои се веќе вградени и применети во политичкиот и правниот систем на Република Македонија.

Имајќи во предвид некои актуелни дебати на релација власт - опозиција, би сакал да потсетам дека и тогаш имаше опозиција која условуваше, опструираше, а понекогаш и бојкотираше. Се одржа дури и референдум против содржината на еден од клучните закони од Рамковниот договор. Но, сепак, генералниот курс по кој се движеше Македонија беше во вистинска насока. Крупната слика за нашата земја беше позитивна и тоа на меѓународен план соодветно се вреднуваше.

Во извештајот на ЕУ за оваа година, но и во официјалните изјави на високи претставници на Унијата и НАТО, можеме да ги најдеме следните оценки: “непостоење на континуиран и продуктивен политички дијалог”, “ниско ниво на политичка култура”, “перманентни политички тензии” и слично. Притоа, ако не директно, тогаш индиректно овие квалификации се поврзуваат со прашања од сферата на меѓуетничките односи.

Она што според мене е најлошо е што во голема мера ја изгубивме довербата кај нашите пријатели и партнери во меѓународната заедница. Кај нив се јави сомнеж во функционалноста на нашата демократија и во капацитетот на нашите институции. Па така, дури и тогаш кога ќе постигневме значаен напредок каков што беше неодамнешниот успешен политички договор помеѓу клучните политички партии од власта и опозицијата, во нивните оценки останува резервата и задршката од типот, “а сега покажете дека ова ќе биде траен, а не еднократен начин на однесување”.

Почитувани пратеници,

Доколку сакаме да го надоместиме пропуштеното и да ги оствариме целите, сосема е јасно дека мора да извршиме значајни корекции во нашите политики и во нашето однесување.

За да знаеме што и во кој правец треба да менуваме треба реално, без партиски субјективности и со ладни глави да согледаме каде грешевме и каде лежат основните причини за ваквите состојби.

Воден пред се од овие мотиви, ќе се обидам да идентификувам барем дел од нив.

На почетокот ќе се задржам на еден проблем кој се провлекува уште од периодот на конституирање на новата Влада, а тоа е непоканувањето на ДУИ да стане дел од владината коалиција. Оваа политичка партија таквиот чин го прогласи за прекршување на охридскиот Рамковен договор и побара во иднина при изборот на Владата да се применува т.н. Бадентеров принцип.

Внимателно ги слушав образложенијата и морам да соопштам дека со тие аргументи не се согласувам.

Точно е дека ДУИ ја доби најголемата доверба меѓу граѓаните Албанци на парламентарните избори и точно е дека врз основа на тој резултат го стекна и најголемиот легитимитет да ги застапува интересите на овие наши сограѓани.

Тоа е нешто што мора да се почитува и да се има во предвид кога се донесуваат политичките одлуки. Но, не е точно дека тоа само по себе значи учество во извршната власт.

Едноставно, таква одредба нема ниту во Уставот ниту во охридскиот Рамковен договор. И тоа не е случајно, бидејќи кога би било поинаку тоа би било во директна спротивност со базичниот принцип за унитарен карактер на државата.

Од друга страна, треба да се има во предвид фактот дека постои голем број на закони со исклучителна важност, за чие донесување и изменување е неопходна примената на Бадентеровиот принцип.

Искуството во изминатите 16 месеци покажа дека за самиот избор на Владата е доволно простото мнозинство, но за ефикасно и непречено функционирање на Владата неопходно е двојното мнозинство. Ако во парламентарното мнозинство не е содржано и Бадентеровото мнозинство, Владата е упатена на постојани усогласувања со опозицијата, или со барем дел од неа. Тоа е прашање на политички избор. Компромис при конституирање на Владата, или перманентен компромис во Парламентот. И тука, повикувањето на некаква политичка свест и одговорност на опозицијата е од функционален аспект едноставно непродуктивно.

Колку што е согласно Уставот легитимно неповикувањето на најсилната партија на Албанците во Владата, исто толку легитимно е таа партија од опозицијата да не ги поддржува предлозите на Владата.

Во таква ситуација најлошиот можен избор на Владата е да бара начин да го заобиколува и релативизира Бадентеровиот принцип, или на вештачки начин да го менува етничкиот однос или структурата во Парламентот.

Имено, охридскиот Рамковен договор даваше и ќе продолжи да дава позитивни резултати само ако се спроведува искрено и целосно. Во спротивно може да се претвори во нов генератор на политичка и меѓуетничка нестабилност.

Почитувани пратеници,

Втората голема причина за ваквите неповолни состојби ја гледам во конфузијата на приоритетите во политиката која се спроведуваше.

Ако сите се согласуваме дека овој период е клучниот за остварување на нашите стратешки определби - добивање на поканата за членство во НАТО и добивање на датум за преговори со Европската унија, тогаш тоа мораше соодветно да

се преслика и во агендата за работа на Владата и овој Парламент.

Ако целите ни се толку значајни и ако времето ни е јасно определено и дефинирано, тогаш требаше целосно да се фокусираме на нивното остварување.

Често пати во јавноста имам прилика да слушнам или прочитам критички оценки за работата на Владата, дека нејзината најголема грешка е што ги потценила политичките прашања за сметка на нејзината посветеност на економската проблематика. Со овие критики јас не се согласувам, бидејќи објективната фактографија говори нешто сосема друго. Ако како индикатор се земе работата на ова Собрание, каде како највисок законодавен дом завршуваат сите предложени закони, ќе заклучиме дека најмногу време и енергија се потроши околу проекти кои немаат никаква допирна точка ниту со ЕУ и НАТО процесите ниту со економијата.

Во исто време, расправата по нив предизвика најмногу тензии и конфронтации и во Собранието, но и пошироко во јавноста.

Не навлегувајќи во потребата за донесување на овие закони и спорејќи пред се со моментот на нивно ставање на дневен ред, како илустрација ќе споменам само дел од нив: новиот Деловник за работа на Собранието, новиот Изборен закон, Законот за државни празници, Законот за лустрација, Законот за воведување на веронауката во образованието, Законот за задолжително средно образование и слично.

Почитувани пратеници,

За тоа кои денови ќе бидат државни празници или според каков деловник Собранието ќе работи можеме да расправаме и решаваме и догодина и после две години, но многу беше битно сега да добиеме датум за преговори. Проширување на НАТО ќе има на Самитот во април и никој не може да ни гарантира дека воопшто ќе има - и ако има кога ќе биде следниот круг на прием на нови членки.

Во водењето на државните работи, како впрочем и во секоја друга професија, пристапот “сакам се и сакам веднаш” не е можен. Затоа квалитетното рангирање на приоритетите, а потоа и целосно почитување на редоследот, е клучниот предуслов за успешна политика.

Третата причина за незадоволителните резултати ја лоцирам во огромниот расчекор помеѓу декларативните заложби за важноста на ЕУ и НАТО процесите од една и практичното дејствување и однесување од друга страна.

Почитувани пратеници,

Факт е дека клучните политички партии и од власта и од опозицијата, без исклучок, не беа на висина на задачата. Не демонстрираа ниту доволно политичка волја, ниту соодветно ниво на одговорност какви што налагаше важноста на моментот и значајот на проектираните резултати. Сите беа повеќе оптоварени со дневниот рејтинг отколку со исполнувањето на крајната цел. Сите беа повеќе фокусирани кому во јавноста ќе му ја префрлат одговорноста за неуспешната средба или непостигнатиот договор отколку како да се дојде до решението.

Долгите и неуспешни преговори и, што е уште полошо, неспроведувањето на она што веќе се договорило, гледано од перспективата на Брисел ја наруши сликата за Македонија и создаде перцепција за недоволен демократски потенцијал и институционален капацитет. А перцепцијата е многу важна, понекогаш и пресудна.

До ден денес не е јасно како тоа непостоечки договор како мајскиот стана еден од клучните критериуми за понатамошен напредок и во Извештајот на Европската унија и во препораките на НАТО.

Сега кога конечно содржината на тој договор и стана позната на целокупната јавност не можам да откријам што било толку комплицирано или политички деликатно за да се изгубат неколку месеци во преговори и усогласувања.

Најтешко може да се објасни зошто нешто што се договорило во мај се спроведува дури во декември, откако Годишниот извештај на Европската унија беше завршен и објавен, а од аспект на НАТО влеговме во временски теснец.

Се уште не можам да разберам кој концепт во законите за Јавно обвинителство толку долго и така упорно го бранеше опозицијата со своите ставови и предлози.

Со цел да се надмине долгата блокада при конституирањето на Судскиот совет, дадов предлог со кој во име на постигнување компромис се откажав од моето уставно право самиот да предложам два кандидати. Се согласив да се потпишам под било кои два усогласени предлога кои ќе ми бидат доставени од најголемите четири партии од власта и од опозицијата.

Зошто при веќе дадена согласност од сите клучни партии и постигнат договор преку ноќ се смени мислењето и се отиде во процедура со надгласување, тоа предизвика нови тензии во Собранието, но и нова недоверба кај нашите партнери и пријатели во меѓународната заедница.

По инцидентните и физичките пресметки во Собранието се донесе одлука за формирање на Анкетна комисија за утврдување на одговорноста. Рокот за завршување на нејзината работа беше една недела, после што Собранието на пленарна седница требаше да донесе дефинитивни заклучоци. Со сето ова беа запознаени и Европската унија и НАТО структурите.

За време на мојата посета на Брисел јас лично ги запознав највисоките авторитети од Европската комисија и НАТО алијансата со нашата решеност инцидентите да бидат расчистени целосно и во дефинираните рокови.

После речиси три месеци таа работа се уште не е завршена.

Сите овие и уште многу други слични работи влијаеа да се изградат такви оценки како што ги

имаме и во Извештајот на Европската унија и во препораките на НАТО.

Почитувани пратеници,

Нема полошо во политиката од тоа да не можеме да направиме разлика меѓу битно и небитно, дневно и долгорочно, меѓу тактика и стратегија.

Ситните дневни победи не вредат ништо ако не не водат кон крајната голема цел. Ако пак дополнително уште не оддалечуваат, тогаш прашање е само на време кога од победи ќе се претворат во порази.

Во политиката нема играње на се или ништо. Целта е да се постигне максимално можното во секоја ситуација.

И уште нешто. Тајмингот е многу важен. Ако го пропуштиме вистинскиот момент и ако ја направиме вистинската работа, но со доцнење - ефектот е многу помал, понекогаш и никаков.

За да се надмине проблемот со именување на амбасадори на испразнетите места уште во февруари предложив да пристапиме кон доследна примена на Законот за надворешни работи и кандидатите да се утврдат од редот на професионалните дипломати од Министерството за надворешни работи.

Предлогот се прифати дури на крајот од септември, а со неговата реализација се отпочна дури во октомври, кога оценката за лошата кохабитација меѓу Претседателот и Владата веќе се најде и во Извештајот на Европската комисија и во годишните оценки на НАТО.

Во јавноста постојано сме сведоци на меѓусебни обвинувања на релација власт-опозиција кој е повеќе одговорен за ваквите состојби. За жал, често пати таа полемика прераснува, или поточно речено, се спушта на ниво на меѓусебни навреди и дискредитации.

Во парламентарната демократија секој има свој дел од одговорноста. И власта и опозицијата. И за ваквите резултати никој не може да биде амнестиран.

Но одговорноста секогаш оди заедно и пропроционално со моќта на одлучувањето. Кој има поголемо влијание при донесувањето на одлуките има и поголема одговорност. Затоа и Владата е влада, а опозицијата е опозиција.

Кои се поуките што можеме да ги извлечеме од овие искуства? Во една реченица тоа би го свел на следното: подготвеност за компромиси, јасни приоритети и искрена посветеност на процесот.

Ние не се соочуваме со проблем на неподготвеност на нашата јавност. Ниту треба да исполниме услови кои можат да предизвикаат пошироки политички или социјални незадоволства.

Напротив. Ниту еден од досега постигнатите компромиси не предизвика сериозни реакции во јавноста и меѓу граѓаните.

Овде се работи исклучиво за политичката волја и одговорност на раководствата на политичките партии. А тоа е сепак многу полесно решлив проблем.

Сакам да ја искористам оваа прилика и да го поздравам големиот напредок кој беше постигнат на двете последни лидерски средби. Тоа е голем чекор напред и сега така мора и да продолжиме.

Жалам што сето ова не се случи пред неколку месеци, а можеше. Во тој случај и Извештајот на Европската унија ќе изгледаше поинаку и многу е извесно дека во него можеше да се најде и препорака за почеток на преговорите.

Но што е, тука е. Таа шанса е пропуштена, да ја искористиме следната.

Овојпат работите да ги направиме навреме, а не повторно да тактизираме и да го чекаме последниот момент.

Постигнатиот успех ќе биде заеднички. И на власта и на опозицијата, а пред се на граѓаните на Република Македонија.

Почитувани пратеници,

Процесот на дефинирање на идниот статус на Косово влегува во својата завршна, но во исто време и најделикатна фаза. Фокусот на целокупната меѓународна јавност е насочен кон ова прашање. Ние како непосредни соседи имаме и повеќе причини и поголем интерес од многу други држави будно да ги следиме состојбите и да посакуваме сето ова да резултира со решение кое ќе гарантира трајна стабилност во регионот.

Имајќи ги во предвид директно спротивставените позиции, последната рунда на преговори заврши како и што се очекуваше - без договор помеѓу Белград и Приштина. Понатамошниот развој на настаните зависи од одлуките на меѓународната заедница.

Република Македонија го поддржа планот на Ахтисари за идното уредување на Косово. За нас беше посебно важно што во тој предлог беа содржани и одредби со кои беа предвидени механизми и рокови за демаркација на нашата северна граница, во делот со Косово.

Во овој момент постојат повеќе можни сценарија за понатамошното одвивање на процесот, но се разбира не и со еднаква веројатност.

Од самиот почеток најпосакуваната опција е идниот статус на Косово да биде дефиниран со резолуција на Советот за безбедност на Обединетите нации.

Доколку не дојде до надминување на сериозните разлики меѓу постојаните членки на Советот за безбедност, оваа варијанта станува невозможна.

Имајќи ги во предвид консултациите кои се одвиваат во рамките на Европската унија, како и од порано познатиот став на Вашингтон, многу е поизвесно дека со нивна меѓусебна координација ќе се пристапи на примена на планот на Ахтисари, или некоја негова модифицирана форма и без донесена одлука во Обединетите нации.

Република Македонија е земја кандидат за членство во Европската унија и НАТО алијансата.

Од овој наш статус произлегуваат и конкретни обврски за следење на заеднички зацртаната политика на овие структури.

Ние тие обврски одговорно ќе ги почитуваме и исполниме.

Наш интерес и наша определба е да градиме подеднакво добри односи и со Белград и со Приштина. Остануваме отворени за јакнење на пријателството и развивање на севкупната соработка, без разлика каков ќе биде исходот околу идниот статус на Косово.

Овие наши ставови им ги пренесов и на претседателот Тадиќ и на претседателот Сејдиу за време на неодамнешните средби во Белград и во Скопје.

Ние ниту можеме, ниту сакаме да бидеме арбитар околу иднината на Косово.

Почитувани пратеници,

Развојот на настаните на и околу Косово е во директна релација со безбедносната состојба во регионот, а со самото тоа и со можни импликации на безбедносната состојба во Република Македонија.

Многу аналитичари тврдат дека без разлика кое сценарио околу статусот на Косово ќе се реализира, регионот го очекува безбедносна нестабилност од низок интензитет во еден одреден период.

Република Македонија треба подготвено да се соочи со таквиот можен предизвик. Ниту еден ризик, независно колку ни изгледа мал во овој момент, не смееме да го потцениме.

Република Србија се декларираше дека без разлика на исходот околу идниот статус на Косово нема намера да употреби воена сила. Но она што не може со сигурност и целосно да се предвиди е однесувањето на мнозинското српско население во северниот дел на Косово.

Исто така, треба да се има во предвид и постоењето на одделни албански екстремни структури кои сметаат дека стекнувањето на евентуалната независност на Косово е историска шанса за отворање на прашањето за обединување на сите територии со мнозинско албанско население.

Посебно внимание треба да посветиме на активностите на бројните криминални групи и структури кои во зависност од ситуацијата и сопствените потреби лесно и брзо ги преминуваат границите.

Да се потсетиме на многу пати на просторите на поранешна Југославија потврденото правило дека последното прибежиште на криминалците е квази-патриотизмот и национализмот.

Ние не можеме да влијаеме на она што ќе се случува на територијата на Косово.

Но затоа треба да направиме се што е потребно и неопходно тука, во Македонија.

Како прво, во овој период не смееме да оставаме отворени или да продуцираме нови прашања кои што можат да предизвикаат меѓуетнички тензии.

Како второ, овој регионален безбедносен контекст треба да претставува силен дополнителен мотив да направиме се, да станеме членка на НАТО.

Како трето, безбедносните прашања да ги оставиме на страна од меѓупартиските пресметки и дневната политика.

Ова е проблематика која не трпи никакви импровизации.

Ќе потсетам на две ситуации кои не смеат да ни се повторат.

Првата се однесува на вооружената група против која се презеде успешна полициска акција во Бродец. Од првите две личности на Министерството за внатрешни работи во две различни прилики, пред Советот за национална безбедност и пред ова Собрание беа дадени сосема различни информации. Еднаш дека се работи за криминална група без било каква политичка позадина и вториот пат, дека се работи за терористичка група која имала за цел рушење на уставниот поредок на Република Македонија.

Вториот пример се однесува на случајот кога една криминална група се употреби за пресметка со друга група криминалци.

Тоа е недозволиво и може да предизвика тешки и долгорочни последици.

Сакам да потсетам на мојата јавна конфронтација и со претходната Влада на СДСМ околу начинот на кој се решаваше кондовскиот случај. И тогаш тврдев дека секој пазар со криминалните структури порано или подоцна ќе се врати како бумеранг. За жал, и покрај тоа што времето тоа го потврди, истата пракса со истите групации продолжува и денес.

Нема и не смее да има корисно или штетно кршење на законите, добри или лоши криминалци. Или е некој од оваа или од онаа страна на законот. И за тоа мора да одговара.

Почитувани пратеници,

Во последниве неколку месеци прашањето за разликите околу името на нашата држава со соседна Грција се врати во фокусот на вниманието.

Тоа очигледно се должи на одлуката на грчката влада решавањето на овој повеќегодишен спор да го издигне на ниво на еден од највисоките приоритети на својата надворешна политика. За дел од причините за ваквиот пристап можеме само да претпоставуваме. Но едно е сосема јасно. Република Македонија се наоѓа пред добивање на покана за членство во НАТО. Република Грција е членка на Алијансата и нејзиното влијание во донесување на одлуката за упатување на поканата сака да го искористи за зајакнување на својата преговарачка позиција и постигнување на поповолно решение во спорот.

Оваа политичка логика можам да ја разберам, но со неа не можам и да се согласам.

Не се согласувам затоа што се прави обид еден билатерален проблем да се издигне на ниво на критериум за членство во НАТО.

Не се согласувам затоа што е во директна спротивност со Времената спогодба од 1995-та година со која Република Грција презеде обврска да не го попречува интегрирањето на Република Македонија во меѓународните организации доколку се користи референцата од ООН.

Не се согласувам затоа што е во спротивност со принципите на кои што отпочнаа и се водат разговорите во Њујорк - а тоа е без наметнување на решение и без наметнување на рокови.

Инаку, зголемениот интерес на Република Грција да се најде решение за овој проблем во основа јас го поздравувам. Впрочем, никој повеќе од нас не би сакал ова прашање да се симне од дневен ред и да се исфрли од употреба онаа анахрона кованица - Поранешна Југословенска Република Македонија.

Тоа е и причината зошто сме подготвени со позитивна енергија и на конструктивен начин да го интензивираме нашето учество во разговорите со посредништво на Метју Нимиц.

Ние не полагаме право на никаков ексклузивитет на поимот Македонија, ниту во историска, ниту во географска смисла.

Ние немаме никакви територијални претензии спрема било кој од нашите соседи.

Ние ниту имаме, ниту поддржуваме било какви сепаратистички или иредентистички тенденции од било кого спрема било кого. Ние сме заинтересирани да градиме искрени и пријателски односи со Република Грција.

Она на што ние ќе инсистираме и од што не можеме да отстапиме е зачувување на нашето уставно име и за внатрешна и за меѓународна употреба.

Тоа е прашање на зачувување на нашиот национален и културен идентитет. Без тој идентитет ниту нам нешто ќе ни значи членството во некоја меѓународна организација, ниту ние како членка ќе и значиме нешто на таа организација.

Јас не знам и не можам да предвидам што Република Грција ќе направи во април следната година.

Но знам што треба ние да направиме. Треба сите услови и критериуми за прием во НАТО да ги исполниме, и тоа во најкус можен рок, и на тој начин да го стесниме маневарскиот простор за користење на било какви дополнителни аргументи против нашето членство.

Што треба да се направи да го направиме, а што мора да се одбрани да го одбраниме.

Почитувани пратеници,

Република Македонија е мала земја, која се соочува со големи предизвици. Доколку ги заборавиме меѓусебните кавги и расправии, доколку ги здружиме силите околу главните стратешки определби, околу основните национални и државни интереси, доколку ја поттикнеме и во вистински правец насочиме целокупната општествена енергија, бидете убедени, Македонија ќе стане и посилна и помоќна и во очите на сите други многу поголема. Тогаш и предизвиците многу полесно ќе ги совладаме, а целите многу поуспешно ќе ги реализираме.

Не очекува огромна работа. Убеден сум дека како држава имаме и волја и капацитет успешно да ја завршиме.

Дозволете да ви ги честитам претстојните новогодишни и божиќни празници и сите заедно да си посакаме многу поуспешна, посреќна, помирна и поспокојна 2008-ма година.

Нека тоа биде година на заеднички напори и заеднички успеси. Благодарам.

(Говорот беше проследен со аплауз)

**Љубиша Георгиевски:** Му благодарам на Претседателот на Република Македонија за неговото обраќање.

Ја заклучувам Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам.

(Седницата заврши во 12,45 часот)